# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ЕУ ЦЕНТАР

# *ЕУ ВЕСТИ*

***Септември2019 година***
***ЕУЦ-број 48/2019***

## СОСТАНОК НА ПРЕМИЕРИТЕ НА ЗЕМЈИТЕ НА ВИШЕГРАДСКАТА ГРУПА И ЗАПАДЕН БАЛКАН

Czech Presidency
of the Visegrad Group
2019/2020

### Содржина на вести:


| | |
|---|---|
| Состанок на премиерите на земјите на Вишеградската група и Западен Балкан | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2 |
| Сослушување на новите комесари | 2 |
| Политичките групи во Европскиот парламент и нивни приоритети | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Приходи од оданочувањето во ЕУ | 6 |
| Позиција на Советот за европскиот буџет 2020 | 6 |
| Комунален отпад по жител во општините во ЕУ | 7 |
| Трошоците за здравствена заштита во ЕУ | 7 |
| Нова влада во Италија | 8 |
| Парламентарни избори во Австрија | 8 |
| Законот за блокирање на Брегзит без договор | 9 |
| Самитот за климатски промени во Њујорк | 9 |
| Проекти на козеионата политика за Полска | 10 |
| Зошто работниците работат со скратено работно време? | 10 |
| Даночна спогодба на Гугл вредна една милијарда евра | 11 |
| ЕУ календар / октомври 2019 | 11 |


Во Прага на 12 септември годинава се одржа состанок на премиерите на Вишеградската група и на Западен Балкан, чиј домаќин беше чешкиот премиер Андреј Бабиш.

Тема на состанокот беше јакнење на севкупната политичка и економска соработка меѓу двата региона, со посебен фокус на прашањата од областа на инфраструктурата, образованието, финансиската стабилност и климатските промени.

Чешка како претседавач со Вишеградската четворка, еден од приоритетите за време на нејзиниот мандат го наведе промовирањето на пристапувањето на Западен Балкан во ЕУ.

Премиерите на Вишеградската четворка усвоија заедничка изјава на со колегите од петте држави од Западен Балкан и дадоа целосна поддршка за започнување на пристапните преговори со Северна Македонија и Албанија.

Во заедничката изјава, водачите на V4 ја повикаа ЕУ да ги забрза преговорите за пристапување со Црна Гора и Србија, истакнувајќи дека реформите усвоени од БиХ и Косово ќе ги зајакнат надежите на двете земји за влез во ЕУ.

На самитот се истакна заедничко убедување дека политиката за проширување на ЕУ е најефикасна алатка за поддршка на стабилноста, безбедноста, демократијата и просперитетот во Западен Балкан

Повторното обединување на Европа не може да биде целосно, освен ако целиот регион на Западен Балкан не се приклучи на процесот на европска интеграција.

Лидерите ги повикаа сите засегнати страни од ЕУ, со оглед на состанокот на Советот за општи работи во октомври, да го одржат и консолидираат позитивниот моментум создаден како резултат на значителниот напредок во реформите.

Лидерите нагласија дека започнувањето на преговорите во октомври годинава не само што ќе им овозможи на Северна Македонија и Албанија да се фокусираат уште повеќе на неопходните реформи, да послужат како важен поттик за целиот регион, туку исто така ќе гарантира дека ЕУ ќе продолжи да биде лидер во промовирањето на позитивна регионална трансформација.

На самитот во Прага присуствуваа премиерите на Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија и Србија.

www.euractiv.com

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

Кристин Лагард ја доби поддршката од ЕП за претседател на ЕЦБ.

Ив Мерш назначен за заменик претседател на Надзорниот одбор на ЕЦБ

***Пленарна сесија 16-19 септември 2019***

По отворањето на пленарната сесија со финскиот министер за европски прашања за Советот и ЕУ комесарот Кармену Вела, европратениците дискутираа за состојбата и уништувањето на шумите во светот.

На сесијата европратениците со 379 „за“ го одобрија назначувањето на Ив Мерш за заменик-претседател на Надзорниот одбор на Европската централна банка. Претходно парламентарната комисија за економски и монетарни работи на сослушувањето со Мерш ги оцени неговите ингеренции.

Кристин Лагард со 394 „за“, 206 „против“ и 49 „воздржани“ доби зелено светло од Европскиот парламент да биде следниот претседател на Европската Централна Банка. Лагард ќе го замени досегашниот актуелен претседател Марио Драги на 1 ноември. Кандидатурата на г-ѓа Лагард ќе биде ставена на агендата на самитот на Европскиот совет во октомври.

Од вкупно 293,5 милиони евра од Европскиот фонд за солидарност 277,2 милиони евра се наменети за Италија за справување со последиците од минатата година од обилните дождови, силни ветришта, поплави и лизгање на земјиштето, 8,1 милиони евра за Австрија и 8,2 милиони евра за северо-источниот регион во Романија. Помошта беше одобрена со 645 гласа „за“, 18 „против“ и 30 воздржани.

Европскиот парламент продолжува со поддршката на т.н. „уреден Брегзит“ заснован на веќе елаборираниот Договор за повлекување - е ставот на европратениците кој го реафирмираа во усвоената резолуција со 544 гласа „за“, 126 против и 38 воздржани. Резолуцијата ја потврдува поддршката на новиот парламент за актуелниот пристап на ЕУ пред решавачкиот октомвриски самит на шефовите на држави/влади на ЕУ. Секој договор за повлекување и идното здружување или меѓународен договор со Велика Британија ќе треба да го одобри Европскиот парламент.

Европа мора да го запомни своето минато за да ја гради својата иднина, истакнаа европратениците на 80-годишнината од почетокот на Втората светска војна, во усвоената резолуција по тој повод. Тие потсетија дека европската интеграција од самиот почеток е одговор на страдањата предизвикани од двете светски војни, и е изградена како модел на мир и помирување засновано врз заеднички вредности на земјите-членки.

## СОСЛУШУВАЊЕ НА НОВИТЕ КОМЕСАРИ

Во јули годинава, европратениците ја избраа Урсула Фон Дер Лајен за претседател на Европската комисија. Во периодот од 30 септември до 8 октомври членовите на ЕП треба да ги испитаат надлежностите и способностите на предложениот тим за европски комесари.

На 1 ноември годинава новиот тим комесари треба да ја преземе функцијата, но доколку Европскиот парламент го одобри на пленарна седница. Пред да се донесе одлуката на ЕП и да и се даде на Комисијата потребниот легитимитет, европратениците ќе се сретнат со секој предложен комесар и ќе ја тестираат нивната соодветност преку сослушувања во комитетите.

Секој кандидат е поканет на тричасовно сослушување, емитувано во живо, пред парламентарен комитет - одговорен за портфолиото што им е доделено. По расправата, надлежните комитети подготвуваат проценка на компетентноста на кандидатот, која ја финализира Конференцијата на претседатели, составена од лидерите на политичките групи и претседателот на Парламентот.

Сослушувањата може да доведат до повлекување на кандидатот или до промена на нивните портфолија. Претходните сослушувања покажаа дека кандидатите не можат да бидат сигурни дека ќе добијат одобрение. Во 2014 година, совенката Аленка Братушек не успеа да ги убеди европратениците и беше заменета. Бугарскиот кандидат Румијана Јелева се повлече во 2010 година по тешкото сослушување во парламентот. Сослушувањата се очекува да започнат на крајот на септември.

Откако ќе се завршат сослушувањата ЕП ќе гласа за новата Комисија, врз чија основа новите комесари можат да го започнат својот мандат. Овој процес ја зајакнува легитимноста на постапките на идниот извршен орган на ЕУ.

www.europarl.europa.eu

## ПОЛИТИЧКИТЕ ГРУПИ ВО ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И НИВНИ ПРИОРИТЕТИ




***Европската народна партија - EPP*** со 182 места е најголемата политичка група во 9-от состав на Европскиот парламент и една од групите со најдолг мандат во Парламентот уште од првите непосредни избори во 1979 година. Манфред Вебер (Германија) кој стана европратеник во 2004 год. е претседател на групата од 2014 година Групата има 10 потпретседатели. Пет од 14 потпретседатели на Европскиот парламент и 8 од вкупно 20 претседатели на парламентарните комитети се членови на групата на ЕПП Нејзините членки претставуваат 26 земји на ЕУ.

**Партијата на европските социјалисти *S&D*** е втора најголема политичка група во Европскиот парламент со 152 члена. Таа е исто така една од најстарите политички групи во парламентот, претставена уште од првите директни избори во 1979 година. Цврсто проевропска, групата се фокусира на социјалните прашања, вклучително и еднаквоста и борбата против климатските промени. Ират Гарсија Перез (Шпанија) беше избрана за претседател на групата во јуни 2019 година. Таа е европратеничка од 2004 година. Групата има 9 потпретседатели. На групата припаѓаат европратеници од 26 земји-членки на ЕУ, без Чешка и Ирска.

***Либерално - центристичката група „Обновена Европа“*** беше создадена во сегашниот состав на парламентот, како наследник на Алијансата на либералите и демократите за Европа (ALDE). Новата група има 108 места во парламентот, што ја прави трета најголема група. Нејзините членки претставуваат 22 земји -членки на ЕУ. Дачијан Циолос, поранешен романски премиер беше избран за претседател на групата во јуни годинава. Ова е негов прв мандат како европратеник. Групата има осум потпретседатели. Оваа про-ЕУ група истакнува дека е силно фокусирана на решавање на потребите на луѓето и изнаоѓање решенија за европските проблеми.

***Групата Зелени/EFA*** е составена од членови на партијата на зелените и регионални партии, како и независни европратеници. Основана е во 1999 година. Групата има 74 места, што ја прави четврта најголема политичка група во Европскиот парламент. Нејзините членови претставуваат 16 земји-членки на ЕУ. Групата има 7 потпретседатели. Во фокусот на групата е животната околина и социјалната правда, справување со климатските промени преку зелена енергетска револуција и ги гарантирање на човековите права и еднаквост за сите.

***Групата „Идентитет и демократија“*** е новоформирана во сегашниот состав на ЕП, наследувајќи ја групата „Европа на народите и слободата“ (ENF). Има 73 члена и е петта по големина група во Парламентот. Во составот се европратеници од 9 држави, мнозинството доаѓаат од италијанската партија Лига, Националниот фронт на Франција и Алтернатива за Германија AfD. Марко Зани (Италија) беше избран за претседател на групата во јули годинава. Ова е негов втор мандат во Парламентот. Групата има 2 потпретседатели и е фокусирана на креирање работни места и раст, зголемување на безбедноста, справување со илегалната имиграцијаи помалку бирократска ЕУ.

***Конзервативната група ECR*** е основана во 2009 година и има 62 места во ЕП. Позиционирана на шестото место по големина меѓу седумте политички групи во сегашниот состав, нејзините членови доаѓаат од 15 ЕУ земји-членки. Групата има 2 копретседатели: Ришард Легутко, полски европратеник, кој е копретседател од 2017 година и беше избран за трет мандат во 2019 година, и италијанецот Рафаеле Фито, кој беше избран за копретседател во јуни. Групата има 6 заменици. Групата смета дека Европа има потреба од децентрализација и помалку бирократија, промовирајќи фер и слободна трговија, економско закрепнување, раст и конкурентност, како и реформа на миграцискиот систем на ЕУ.

***Европската обединета левица/Нордиска зелена левица GUE/ NGL*** е основана во 1995 год. и претставува сојуз на социјалистичките и комунистичките партии. Групата има 41 член, и е најмала група во ЕП. Нејзините членови претставуваат 14 земји-членки на ЕУ. GUE/NGL има двајца нови копретседатели: францускиот Манон Обри, првпат избран за европратеник и Мартин Ширдаван од Германија кој е европратеник од 2017. Групата има и 4 потпретседатели. Групата се фокусира на климатска правичност, даночна правда и спроведување на човековите права.

https://www.europarl.europa.eu

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



Од обраќањето на Претседателот на Собранието Талат Џафери по повод свеченото одбележувањето на 8 Септември–Денот на независноста:
"...Јас сум убеден дека и покрај големите предизвици низ кои поминавме, имаме сила, имаме волја, решителност и визија за тоа каде сакаме да ја видиме Република Северна Македонија, и каков дом посакуваме и градиме за нашите почитувани граѓани и денеска сме многу блиску до остварување на нашите стратешки определби - полноправното членство во ЕУ и НАТО. Членството во ЕУ и НАТО, подразбира владеење на правото и правниот поредок во државата без дискриминација, почитување на правата и слободите на сите граѓани подеднакво, без оглед на нивната етничка, верска, расна, политичка припадност и пол.....".

www.sobranie.mk

Клубот за младински прашања и политики при Собранието, поддржан од Националниот демократски институт (НДИ), по повод одбележувањето на 15 Септември - Меѓународниот ден на демократијата, на 16 септември 2019 година организираше настан, со цел да се даде на значење на различните форми на младински и граѓански активизам, како суштински елемент на една демократија. Настанот со поздравен говор го отвори претседателот на Собранието, Талат Џафери, а се обратија пратеничките Ивана Туфегџиќ и Слаѓана Митовска.





Претседателот на Собранието на 18 септември 2019 година оствари средба со претседателот на Европскиот комитет на регионите, г. Карл-Хајнц Ламберц. На средбата претседателот Џафери информираше за преземените активности во изминатиот период во насока на надминување на политичката криза, зајакнување на владеењето на правото, фундаменталните промени за инклузивна и отворена политичка атмосфера и зајакнување на добрososедските односи. Нагласувајќи ја важноста на меѓуграничната соработка, Ламберц информираше за можностите и механизмите кои ги нуди Европскиот комитет на регионите.

Европскиот парламент демонстрира конкретна поддршка на евроинтегративните процеси на нашата земја, што за нас претставува сигнал за остварување на сите вредности за членство во Унијата, со надеж дека и во новиот состав на Европскиот парламент континуираната соработка ќе продолжи на сите нивоа како и досега, порача претседателот на Собранието Талат Џафери на средбата со потпретседателот на Европскиот парламент, Димитриос Пападимулис од Република Грција, остварена на 30 септември 2019 година. На средбата Џафери информираше за евроатлантските процеси, процесот на заокружување на ратификацијата на Пристапниот протокол за членство на Македонија во НАТО и очекувањето на добивање датум за отпочнување на преговори за членство во ЕУ.





Делегација на Собранието предводена од пратеникот Бетиан Китев и членот на делегацијата Никола Попоски на 10 септември во Париз учествуваа на седница на Мониторинг комисијата на Парламентарното собрание на Советот на Европа. На седницата беше разгледан извештајот за Постмоноторинг дијалогот со Република Северна Македонија за исполнување на обврските и залажбите преземени при приемот во Советот на Европа. Извештајот за постмониторинг дијалогот со Република Северна Македонија опфаќа прашања врзани со развојот на демократијата, владеењето на правото и заштитата на човековите права.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА

Националниот совет за евроинтеграции на 30 септември 2019 година организираше јавна расправа на иницијатива на Младинскиот сојуз како завршна активност на 17. Меѓународната Младинска конференција која се одржа од 26-29 септември 2019 година во Крушево. На јавната расправа учествуваа млади мотиватори од 16 земји од регионот и од ЕУ. На јавната расправа четири млади модератори презентираа клучни препораки од 17-та Меѓународна младинска конференција, на теми “Да заминам или не?”;“Работа од иднината”;“Денешната младина” и “Климатски промени” .





Националната конвенција (НКЕУ-МК) на 26 септември 2019 година во Собранието ја одржа Третата пленарна сесија посветена на борбата против корупцијата. Со Националната конвенција претседаваше Милева Ѓуровска претседателка на Европското движење, а свои поздравни обраќања упатија Стево Пендаровски, претседател на Република Северна Македонија; Едвард Кукан, поранешен член на Европскиот парламент; Никола Попоски, претседател на Националниот совет за евроинтеграции; Андреј Жерновски, заменик-министер за надворешни работи; Ерик Јановски, претставник на УСАИД и Томаш Стражај, директор на Словачката асоцијација за надворешна политика.

Делегација од Собранието составена од пратениците Горан Мисовски од НСДП, Артан Груби од ДУИ и Лилјана Кузмановска од ВМРО-ДПМНЕ на 20 септември во Вашингтон присуствуваа на настани и обуки за борба против корупција и транспарентно владеење организирана од Меѓународниот републикански институт ИРИ. Парламентарната делегација учествуваше на конференција на ИРИ на која остварија средби со поранешни конгресмени и оствари работна посета на американскиот Конгрес, каде пратеникот Груби се сретна со републиканскиот сенатор Рон Џонсон, поддржувач на регионот и Дејвид Констеланчик, директор на канцеларијата за јужна и централна Европа во Стејт департментот.





По повод одбележувањето на 23 септември – Меѓународниот ден на знаковниот јазик, Парламентарниот институт на Собранието во соработка со Националниот сојуз за глуви и наглуви лица, на 23 септември годинава организираше тркалезна маса на која учествуваа пратеници членови на Интерпартиската парламентарна група за лица со посебни способности од Собранието и претставници од сите 17 општински организации кои членуваат во Националниот сојуз.

Клубот на пратенички на Собранието со поддршка на УСАИД и Националниот демократски институт (НДИ), по повод неделата на женски права и родова еднаквост на 23 септември 2019 година одржаа Регионална Конференција на тема: Регионалната соработка во унапредувањето на родовата еднаквост/рамноправност и борбата против говорот на омраза. Во своето обраќање претседателката Ѓулумсер Касапи ја истакна улогата, заложбата и досегашните достигнувања на Клубот, кој брои вкупно 48 пратенички од различни политички партии, како и независни пратенички.На конференцијата, освен пратеничките од Собранието на Северна Македонија, присуствуваа и пратенички од Косово, Србија, Босна и Херцеговина и Црна Гора.



## ПРИХОДИ ОД ОДАНОЧУВАЊЕТО ВО ЕУ




Според Студијата на Европската комисија објавена на 5 септември годинава кај земјите-членки на ЕУ забележано е намалување на приходите од ДДВ за 137 милијарди евра. Иако се забележува намалување на ДДВ јазот (разликата меѓу планираните и остварени приходи од ДДВ) во однос на претходните години износот останува висок. Ова укажува на потребата за сеопфатна реформа на правилата на ЕУ за оданочување, што е предложено од Комисијата во 2017 год.Јазот на ДДВ-то ја мери ефективноста на мерките за спроведување на оданочувањето во секоја земја-членка, бидејќи обезбедува проценка на загуба на приходот заради измама и затајување, избегнување на данок, банкрот и финансиска несолвентност.

На национално ниво, најголем јаз од приходите од ДДВ е забележан во Романија со 36%, потоа Грција (34%) и Литванија (25%). Најмал ДДВ јаз е забележан во Шведска, Луксембург и Кипар од само 1%. Во апсолутни услови, најголем јаз на ДДВ од околу 33,5 милијарди евра беше во Италија. Од друга страна големи остварувања покажале Малта (7%), Полска (6%) и Кипар (4%), со големо намалување на загубите на ДДВ. Јазот на ДДВ се намалил во 25 земји-членки, а се зголемил во три. Во номинална смисла, ДДВ јазот се намали за 8 милијарди евра (на 137,5 милијарди евра) во 2017 год., слична сума како и намалувањето за 2016 год. од 7,8 милијарди евра. Јазот на ДДВ во 2017 година изнесува 11,2% од вкупните приходи од ДДВ во ЕУ, споредено со 12,2% претходната година. Овој тренд на намалување се забележува петта година по ред.

Студијата на Европската комисија воведува нов елемент т.н. „брзи проценки“ за 2018 год. Кои укажуваат дека јазот на ДДВ најверојатно ќе го продолжи трендот на намалување и ќе падне под 130 милијарди евра и 10% од вкупната даночна обврска за ДДВ во 2018 година.

https://ec.europa.eu

## ПОЗИЦИЈА НА СОВЕТОТ ЗА ЕВРОПСКИОТ БУЏЕТ 2020




Приоритети на Советот на ЕУ се обезбедување средства за миграцијата и заштита на надворешните граници на ЕУ, зајакнување на граѓанската заштита, справување со климатските промени и обезбедување соодветни ресурси за надворешно дејствување во согласност со стратешките интереси на ЕУ.

Советот бара да продолжи јакнењето на европската економија и конкурентноста преку европскиот буџет. Овие принципи ја истакнуваат позицијата на Советот за буџетот на ЕУ за 2020 година усвоен на 3 септември годинава.Советот ги усвои без промени предложените измени во буџетот на ЕУ за 2019 година предложени од Комисијата. Целта на измените е во буџетот за 2019 година да се вклучи вишокот од буџетската 2018 година (1,8 милијарди евра) и да се зајакнат програмите „Хоризонт 2020“ и „Еразмус +“ за 100 милиони евра како што беше договорено за време на преговорите за буџетот.

Советот продолжува со поддршка на програмите „Конкурентност за раст и работни места“ со износ од 24 милијарди евра односно 2,72% повеќе во однос на 2019 година. Предвидено е поголемо финансирање во однос на 2019 година за Хоризонт 2020, европските сателитски системи за навигација ЕГНОС и Галилео, Еразмус+ и Европската програма за одбранбен индустриски развој.

Во областа на безбедноста и миграцијата, буџетот на ЕУ ќе продолжи да ги поддржува земјите-членки и мерките на ЕУ донесени во изминатите неколку години. Дополнителни ресурси се наменети за Европската агенција за гранична и крајбрежна стража (Фронтекс) (101,4 милиони евра, или + 32,4% споредено со 2019) за да се постави постојан корпус од 10.000 граничари до 2027 година.

https://eu2019.fi

## КОМУНАЛЕН ОТПАД ПО ЖИТЕЛ ВО ОПШТИНИТЕ ВО ЕУ

Во Европската Унија општините на годишно ниво во просек собираат по 486 килограми комунален отпад по жител - покажуваат податоците на Еуростат за 2017 година. Оваа бројка е непроменета во однос на претходната година и е за 7% под максимумот од 525 килограми во 2002 година. Меѓу земјите членки на ЕУ, најмногу отпад по жител во 2017 година е собран во Данска-781 килограм, потоа Кипар -637 килограми и Германија-633 килограми по жител.

На другиот крај од скалата, три земји членки на ЕУ што собрале најмалку отпад по глава на жител се Романија – 272 килограми, Полска-315 килограми и Чешка-344 килограми.

Во земјите од регионот најмногу општински отпад по глава на жител собрале Грција 504 килограми, Словенија 471 килограми и Албанија 436 килограми, додека Македонија е меѓу трите последни со 344 килограми, по што следат Србија 306 и Косово со 228 килограми отпад по глава на жител.

https://ec.europa.eu/eurostat




## ТРОШОЦИ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО ЕУ

Најновата статистика за трошоците за здравствена заштита објавена од Евростат покажува дека трошоците за здравствената заштита се разликуваат низ Европската унија (ЕУ) во 2016 година во однос на учеството на бруто домашниот производ (БДП).Тековните трошоци за здравствена заштита во Франција беа еквивалентни на 11,5% од БДП, повеќе отколку во која било друга земја-членка на ЕУ. Следните највисоки стапки беа во Германија (11,1%) и Шведска (11,0%).

Тековните трошоци за здравствена заштита учествуваат со помалку од 7,5% од БДП во 12 земји-членки, при што Романија бележи најмал процент (5,0%). Иако Луксембург има втор најнизок однос на трошоците за здравствена заштита со БДП, ова е последица на високото ниво на БДП во Луксембург. Трошоците за здравствена заштита низ ЕУ како целина се проценува дека изнесувале 10% од БДП во 2016 година.

https://ec.europa.eu/eurostat



## НОВА ВЛАДА ВО ИТАЛИЈА



Италијанскиот претседател Серџо Матарела на 29 август годинава побара од премиерот во заминување Џузепе Конте да формира нова влада на социјалдемократите и неговото Движење пет ѕвезди. Претходно барањето на Движењето пет ѕвезди за премиер повторно да биде назначен Џузепе Конте беше прифатено од страна на Демократската партија. Движењето „Пет Ѕвезди“ и демократите се здружија со цел да го спречат обидот на Салвини да дојде на власт, откако неочекувано ја повлече поддршката на владата и побара нови избори. Новата влада на Конте положи свечена заклетва на 5 септември на церемонија во Претседателската палата на Квиринале. Десетте министри во новата влада се од Движењето „Пет ѕвезди“, најголемата партија во парламентот. Демократската партија има девет министри и уште една мала левичарска партија има еден министер. Новиот министер за внатрешни работи не припаѓа на ниту една партија. Движењето „Пет Ѕвезди“ води неформални разговори за членство со три политички блока во Европскиот парламент - претставниците на групата „Да ја обновиме Европа“ (поранешна ALDE), Зелените и Обединета европска левица и Нордиска зелена левица (GUE/NGL). Движењето во преговорите со групата „Да ја обновиме Европа“ се соочува со противење од страна на француската делегација поради поддршката која лидерот на Движењето, Луиџи Ди Мајо ја дал на „жолтите елеци“. 14 -месечната коалиција на Конте се распадна во август, кога десничарската лига, предводена од Матео Салвини излезе од владејачката коалиција.

www.theguardian.com

## ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ВО АВСТРИЈА

На предвремените парламентарни избори во Австрија што се одржаа на 29.09.2019 со излезност од 75%, убедливо победи Австриската народна партија (ÖVP) предводена од доскорешниот премиер Себастијан Курц. Според прелиминарните резултати, ÖVP освоила 37,2% од гласовите што е за 5,7% повеќе гласови од изборите во 2017 год. На второ место е Социјалдемократската партија со 22% и пад повеќе од 4% од последните избори. На трето место е Слободарската партија на Австрија FPO со 16% гласови и изгубени скоро 10% од гласовите. Најголем пораст на гласовите со 13.9%  има партијата на Зелените, која на изборите во 2017 год. не го премина изборниот праг. За место во Парламентот се избори и партијата NEOS која освои 7,4% од гласовите. По изборите ќе следи период на коалициски разговори за формирање на новата влада на Австрија.




www.euronews.com

## ЗАКОНОТ ЗА БЛОКИРАЊЕ НА БРЕГЗИТ БЕЗ ДОГОВОР



Домот на Лордовите на Британскиот парламент на 6 септември ја заврши дебатата за законот за блокирање на Брегзит без договор. Законот беше усвоен во Долниот дом.
Унијата се подготвува за Брегзит без договор и се чини дека не е подготвена за друго продолжување.
Законот, претставен од пратеничката на лабуристите Хилари Бен, постави краен рок на премиерот, до 19 октомври или да се победи мнозинството во Парламентот за планот на Велика Британија да ја напушти ЕУ или да добие поддршка од Брегзит без договор. По рокот, Борис Џонсон ќе мора да достави писмо до претседателот на Европската комисија со кое ќе побара да го продолжи рокот за излез на Велика Британија до 31 јануари 2020 година. Доколку ЕК во одговорот предложи друг датум, тогаш премиерот Џонсон ќе има два дена да го прифати предлогот.
По неочекуваната оставка на министерката за труд, Амбер Руд поради политиката на Џонсон, двајца министри порачаа дека премиерот е одлучен да го спроведе планот за излегување на Британија од Унијата на 31 октомври, со или без договор.
Џонсон го загуби мнозинството во парламентот, исклучи 21 пратеник од Конзервативната партија и не успеа да наметне нови избори. Според Шефот на британската дипломатија Доминик Раб, се водат интензивни преговори во Брисел и владата на Џонсон не е фокусирана на т.н. стратегија за тврд Брегзит, односно Брегзит без договор. По Раб, се огласи и министерот за финансии Саид Џавид, кој истакна дека премиерот во октомври ќе се обиде да обезбеди нов договор со Унијата.
Во меѓувреме, ЕУ е подготвена да ангажира 780 милиони евра во итна финансиска помош на земјите-членки кои се економски погодени од можниот Брегзит без договор. Најголемиот дел - скоро 600 милиони евра - доаѓа од Фондот за солидарност на ЕУ за земјите-членки жртви на природни непогоди. Останатиот дел ќе биде од Европскиот фонд за прилагодување на глобализацијата, кој им помага на отпуштените работници.

www.bbc.com/news

## САМИТОТ ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ ВО ЊУЈОРК




Лидерите на влади, бизнисот и граѓанското општество најавија потенцијално далекусежни чекори за соочување со климатските промени на Самитот на Генералното собрание на Обединетите нации за климатски активности што се одржа во Њујорк на 23 септември годинава.
Самитот беше обид да се поттикне светска кампања за борба против климатските промени. Политичари од околу 60 земји најавија конкретни мерки кои земјите ќе ги преземат во борбата против глобалното затоплување на климата. Меѓу учесниците беа претседателот на Франција, Емануел Макрон и британскиот премиер Борис Џонсон.
На Самитот можеа да се обратат само земји кои ветиле дека ќе претстават далекусежни мерки со кои ќе може да бидат постигнати целите од Парискиот договор. Генералниот секретар на ОН, Антонио Гутереш побара од земјите да го напуштат користењето фосилни горива и да престанат да градат нови електрани на јаглен по 2020 година.
Во исто време во Њујорк беше одржан глобален протест против климатските промени, на улиците излегоа околу 250 илјади демонстранти кои бараа поголема заштита на климата и околината. Строга беше во критиките 16-годишната иницијаторка на штајкот „Петок за иднината" Грета Тунберг, против шефовите на држави и влади: „Убавите зборови на моќниците се истите празни ветувања, истите лаги, непреземањето што било, исто така, е исто како секогаш“, истакна таа на финалниот настан во Батери паркот во Менхетен.
Младинскиот самит за климата - прв самит на ООН за млади - обезбедува платформа на младите лидери да ги покажат своите решенија и да се приклучат на носителите на одлуки. Овој историски настан се одржа како дел од викенд настаните предводени од Генералниот секретар на ООН на 23 септември.
Младинскиот самит за климата се одржа со целодневна програма на кој учествуваа млади активисти, иноватори, претприемачи и креатори на промени посветени на решавање на глобалната клима.

www.un.org/en/climatechange/

## ПРОЕКТИ НА КОХЕЗИОНАТА ПОЛИТИКА ЗА ПОЛСКА




Европската комисија на 13 септември 2019 година усвои три главни проекти на кохезионата политика, за модернизирање на железничката и патна мрежа во Полска и зголемување на безбедноста на патиштата, истовремено намалувајќи ги трошоците и времето за патување. Овој инвестициски пакет вреден 676 милиони евра вклучува: 487 милиони евра за модернизирање на железничкиот комуникациски систем во земјата и негово усогласување со европските стандарди, 117 милиони евра за надградба на железничките услуги на Силесија вклучително и нова меѓународна аеродромска станица на градот Катовице и 72 милиони евра за олеснување на сообраќајниот метеж во регионот Вармишко-Мазурки, со нов автопат - обиколница. Полска е најголем корисник на фондовите на кохезивна политика.

Земјата се приклучи на ЕУ во 2004 година, преку кохезионата политика беа финансирани 12.200 км во нови и реконструкција на постојни патишта, пристап до широкопојасен интернет за 9,1 милиони луѓе и создавање на 151.000 работни места.

https://europa.eu

## ЗОШТО РАБОТНИЦИТЕ РАБОТАТ СО СКРАТЕНО РАБОТНО ВРЕМЕ?

Во Европската Унија во 2018 година, 31,2 милиони жени и 9,5 милиони мажи на возраст од 20 до 64 години работеле со скратено работно време, што претставува 19% од вкупниот број на вработени во ЕУ. Испитаниците рекле дека главна причина поради која работат на половина работно време е тоа што „не можат да најдат работа на полно работно време“ (26 %), како и поради „чувањето на деца или луѓе со инвалидитет“ (24 %). Додека 36 % од мажите рекле дека работат со скратено работно време поради тоа што не можат да најдат работа на полно работно време, за разлика од жените 23 %. Од друга страна, работењето на половина работно време поради чување на деца и инвалидизирани луѓе било повеќе забележано кај жените 29% отколку кај мажите 6%. Работењето на половина работно време е највисоко во Грција, а најниско во Естонија.

Во земјите-членки на ЕУ, уделот на луѓе кои работеле половина работно време бидејќи не можеле да најдат полно работно време значајно варирал. Најголема стапка била забележана во Грција 70%, потоа Италија 66%, Кипар 65 % и Бугарија 59%. Најмалата стапка била забележана во Естонија 6%, потоа во Белгија, Чешка и Словенија 7% и Холандија 8%.

https://ec.europa.eu/eurostat



## ДАНОЧНА СПОГОДБА НА ГУГЛ ВРЕДНА 1 МИЛИЈАРДА ЕВРА

Дигиталните гиганти одлучуваат да се договорат со француските даночни органи. После Амазон, Епл и Мајкрософт и Француската подружница на пребарувачот Гугл, на 12 септември годинава потпиша договор за трансакција од 500 милиони евра со францускотo национално финансиско обвинителство. На ова треба да се додаде уште еден договор со даночната управа од 465 милиони, со што ќе се подмири долгот кон Француската држава. Ова решение му овозможува на Гугл да не мора да признава никаква вина за затајување данок - трансакцијата значи прекин на истрагата.

Според „Фигаро“, Гугл потпишал и доверлива трансакција со Генералниот директорат за јавни финансии (ДГФиП) за сума од 465 милиони евра. Заедно до претходниот договор, тоа е сума од речиси една милијарда евра. Гугл на тој начин го реши даночниот спор со Франција, која бараше од него заостанати даноци и казни за активностите во Франција од 2007 година.

Во 2016 година, Франција поднесе тужба против Гугл за „потешко затајување данок“ и „перење во организирана криминална група на потешко затајување данок“. Даночните служби побаруваа 1,6 милијарди евра – сума последователно намалена на 1,15 милијарди. Инспекторите од Националното јавно обвинителство испитуваа и запленија „неколку терабајти на податоци“, во просториите на „Гугл Франс“. Целта беше да се докаже дека Гугл има „постојан естаблишмент“ во Франција, што ќе му овозможи да подлежи на француски данок за претпријатија. Сумата што ја додели Гугл е изненадувачки близу до износот што го бараа даночните власти.

www.euractiv.com

## Закони од НПАА донесени во Собрание - септември 2019

1. Закон за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста;
2. Закон за ратификација на спогодбата помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија за учество на Република Северна Македонија во “Европскиот корпус на солидарност”;
3. Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој; и
4. Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на правата на пациентите.

***ЕУ КАЛЕНДАР / октомври 2019***

*1.Парламентарно собрание на Советот на Европа, 2/10/2019, Стразбур, Франција;*
*2. Денови на дигитален транспорт 2019, 7-9/10/2019, Хелсинки, Финска;*
*3.Пленарна сесија на Европскиот парламент, 9-10 и 21-24/10/2019, Стразбур;*
*4. Состанок на Советот за општи работи на ЕУ- 15/10/2019, Луксембург;*
*5. Состанок на Европскиот совет 17-18/10/2019, Брисел*
*6. Европска недела за безбедност и здравје при работа, 21-25/10/2019, Билбао, Шпанија.*




Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414 и 289
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за "Техничка помош за Парламентот", во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*

*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.*

*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




